**From:**
**Sent:**
**To:**

**Cc:**
**Subject:** Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер
**Attachments:** Baranje za SPI_DirekcijaKlasificiraniInformacii.docx

Почитувани,

Во името на , врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Македонија бр. 101/2019), како имател на информации, Ви упатуваме Барање за пристап до информации од јавен карактер. Барањето е прикачено во прилог.

Ве замолуваме одговорот на барањето, како што е наведено во самото барање, да ни го доставите по електронски пат на е-маил адреса

Однапред Ви благодариме на одговорот.

Со почит,

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Дирекција за безбедност на класифицирани информации
Drejtoria për sigurinë e informatave të klasifikuara
Скопје-Shkup

| Примено-Pranuar | 23-05-2023 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.единица Një.organ | Бр.-Nr. | Прилог-Shtojcë | Вредност-Vlerë |
| 03 | 250/1 | | |

( Образец ПП......)
До Дирекција за безбедност на класифицирани информации
(имател на информацијата)

**Б А Р А Њ Е**
**за пристап до информации од јавен карактер**

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Македонија бр. 101/2019), од имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

- Колку вонредни и редовни надзори иницираше вашата институција во областа на доверливоста на податоците согласно Законот за класифицирани информации во периодот од 01.01.2022 год. до 31.12.2022 год.? Над кои институции е спроведен надзор?
- Колку прекршочни постапки се поведени од вашата институција во периодот од 01.01.2022 год. до 31.12.2022 година. според Законот за класифицирани информации?
- Колку кривични постапки се поведени од вашата институција во периодот од 01.01.2022 год. до 31.12.2022 година. според Законот за класифицирани информации?

(опис на информацијата која се бара)

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ДИРЕКЦИЈА ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА КЛАСИФИЦИРАНИ ИНФОРМАЦИИ
DREJTORIA PËR SIGURI TË INFORMATAVE TË KLASIFIKUARA
Скопје-Shkup

| Примено-Pranuar | 23-05-2023 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица Njësia org. | Бр. Nr. | Прилог Shtojcë | Вредност Vlerë |
| 03 | 250/2 | | |

Форма во која се бара информацијата:
а) увид
б) препис
в) фотокопија
г) електронски запис
д) друго-------------------------------------------------------------------
(се наведува бараната форма, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:
а) по пошта
б) телефон
в) факс
г) е-маил Замолуваме на истата адреса да ни биде доставена и потврда за прием на Барањето.
д) друго-------------------------------------------------------------------
(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Барател на информацијата:

(назив, адреса, тел, фах, е-маил)
(Правна поука: Барателот не е должен да ги наведе и образложи причините за барањето, но треба да наведе дека станува збор за барање за слободен пристап до информација од јавен карактер )

Во Скопје, Северна Македонија

Датум 15.05.2023 година

**Република Северна Македонија**
**ДИРЕКЦИЈА ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА КЛАСИФИЦИРАНИ ИНФОРМАЦИИ**
**Бр. 03-250/3**
**25.05 2023 год.**
**Скопје**

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019), постапувајќи по барањето за пристап до информација од јавен карактер од

поднесено од претставникот на

имателот на информацијата Дирекција за безбедност на класифицирани информации, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Барањето од

по предметот Барање за пристап до информации од јавен карактер за доставување на *број на вонредни и редовни надзори* коишто биле иницирани од страна на Дирекцијата во областа на безбедност на класифицирани информации во периодот од 01.01.2022 год. до 31.12.2022 година (точка 1), за доставување на *информација над кои институции е спроведен надзор (точка 1, дел 2)*, за доставување на *број на прекршочни постапки* коишто биле поведени од страна на Дирекцијата во периодот од 01.01.2022 до 31.12.2022 година (точка 2), како и за *број на кривични постапки* коишто биле поведени од страна на Дирекцијата во периодот од 01.01.2022 до 31.12.2022 година (точка 3) согласно Законот за класифицирани информации, евидентирано во Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации под дел. бр. 03-250/2 од 23.05.2023 година

**СЕ УВАЖУВА**

***О б р а з л о ж е н и е***

Барателот,

со генералии како во диспозитивот на решението, преку својот претставник

поднесе по емаил барање до Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации за пристап до информации од јавен карактер коешто

е евидентирано во Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации под дел. бр. 03-250/2 од 23.05.2023 година.

Постапувајќи по барањето, Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации детално го разгледа барањето и позитивно одговори согласно член 20 став 1 и член 21 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019) со што му се овозможува пристап до бараните информации.

Во врска со бараните информации од јавен карактер наведени под точка 1, 2 и 3, Ве известуваме дека информациите се содржани во ***Годишниот извештај на Дирекцијата за 2022 година*** во рубриката „Инспекциски надзор“ којшто Извештај се доставува во прилог на ова Решение. Во согласност со начелото на Дирекцијата за транспарентност и отчетност за своето работење како и во согласност со обврските што произлегуваат од членот 10 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), Годишниот извештај на Дирекцијата за 2022 година може да се најде и на веб страната на ДБКИ www.dbki.gov.mk, во рубриката *Пристап до информации од јавен карактер*, во поднасловот *Годишни планови и извештаи на ДБКИ.*

Во врска со бараната информацијата *над кои институции е спроведен надзор (точка 1, дел 2 од Барањето)*, известуваме дека информациите од овој овид се со ознака „ЗА ОГРАНИЧЕНА УПОТРЕБА“. Согласно член 12, став 2 од Законот за класифицирани информации (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 275/2019), до информациите коишто носат ознака „ЗА ОГРАНИЧЕНА УПОТРЕБА“ не е дозволен слободен пристап.

Согласно барањето на барателот евидентирано во Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации под дел. бр. 03-250/2 од 23.05.2023 година, а во врска со формата и начинот на доставување на информациите, му се доставува на барателот -

одговорот – решение како и прилог – Извештај за работата на дирекцијата за безбедност на класифицирани информации за 2022 година, <u>**во електронски запис**</u> на подносителот на барањето

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се изјави жалба во рок од 15 (петнаесет) дена од приемот на истото до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер .

Решено во Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации на 23.05.2023 година, под архивски бр. 03-250/3 од 25.05.2023г.

в.д. Директор

Стојан Славески

Подготвил: Службено лице Даниел Тренчов

Доставено до:

- Барателот
- Архива на ДБКИ

# Re: Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер

From: sloboden.pristap@dbki.gov.mk [sloboden.pristap@dbki.gov.mk]
Date: 25/05/2023 09:45
To:
Cc:

- Reply
- Reply All
- Forward
- Flag
- Delete

Attachments:
- Годишен извештај ДБКИ 2022.pdf (3.9 MB)
- Reshenie
- Outlook-itcpdpsj.png (35.8 KB)

Почитувани,

Како одговор на вашето барање за пристап до информации од јавен карактер евидентирано во Дирекцијата под дел. бр. 03-250/2 од 23.05.2023 г, во прилог ви ги доставуваме следните документи:

- Решение бр. 03-250/3 од 25.05.2023 г.

- Годишен извештај на ДБКИ за 2022 г. бр. 01-96/1 од 15.02.2023 г.

Со почит,

Дирекција за безбедност на класифицирани информации

| Примено: | 25.05.2023 | | |
|---|---|---|---|
| 03 | 250/4 | | |